# ПРЕПОРАКИ ЗА ТАРИФИРАЊЕ СУДСКИ ПРЕВОД И ТОЛКУВАЊЕ

## Основни постулати

- Судскиот превод и толкување претставуваат **специјализиран вид** превод и толкување.
- Преку судскиот превод и толкување **државата ги штити правата на учесниците** во постапките што се одвиваат на јазик што не е нивниот мајчин јазик. Преводот и толкувањето треба да бидат со таков квалитет што ќе обезбеди **правичност на постапката**.
- Член 14(3)(ф) од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) на Обединетите нации и 6(3)(е) Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи го гарантираат **правото на бесплатен преведувач и толкувач** за осомничените и обвинети лица во случај кога тие не го разбираат јазикот или јазиците што се користат во националниот суд.
- Директивата (2010/64/ЕУ) на Европскиот парламент и на Советот од 20 октомври 2010 година го утврдува **правото на толкување (чл. 2) и преведување во кривичната постапка (чл. 3) и заедничките минимални правила (чл. 5 и 6)**, и тоа:
  - Квалитет на толкувачките и преведувачите услуги
  - Контрола врз соодветноста на услугите на преведувачите и толкувачите
  - Доверливост на преведувачите и толкувачите
  - Соодветна замена на преведувачите и толкувачите
  - Комуникациска опрема за толкување
  - Пристап за бранителите и за надлежните органи до националниот регистар на судски преведувачи/толкувачи
  - Обука на судиите, обвинителите и правосудниот персонал вклучен во кривичните постапки за работа со судски преведувачи и толкувачи
- Острученоста на судскиот преведувач/толкувач директно влијае врз способноста на државата да ги заштити човековите права
- Повеќе информации во врска со тарифирањето превод и толкување може да се најдат во Условите за работа и препораките за тарифирање писмен превод наЗПРМ и Условите за работа и препораките за тарифирање при толкување

наЗПРМ (http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/tolkuvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-3-2023.pdf, http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/preveduvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-03-2023.pdf). Тие важат и за судскиот превод и толкување, доколку не е поинаку определено во овој документ.

**Обврските на Република Македонија и соодветните органи во однос на судскиот превод и толкување**

- Република Македонија е потписник на Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) на Обединетите нации и на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи со кои **гарантира заштита на човековите права** и е обврзана да ги спроведува и во поглед на судскиот превод и толкување. Засега доброволно, но штом ќе стане членка на ЕУ ќе мора задолжително да ја спроведува погоре споменатата Директива (2010/64/ЕУ).
- Чл. 9 од Законот за кривичната постапка (Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година) го утврдува **правото на преведувач, односно толкувач** и утврдува дека обвинетиот кој зборува службен јазик различен од македонскиот има право во постапката да го употребува својот јазик и своето писмо. Дополнително, обвинетиот во постапката пред судот има право на **бесплатна помош од преведувач, односно толкувач**.

**За работата со судски преведувачи**

- Судските преведувачи поминуваат низ **процес на проверка** што го спроведува Министерството за правда на Република Македонија.
- Од судските преведувачи обично се бара да преведуваат не само кон мајчиниот јазик туку и кон странскиот јазик. Затоа е потребно да се посвети посебно внимание на **квалификациите на судскиот преведувач**.
- Судските преведувачи мора строго да се придржуваат до Кодексот на професионално и етичко однесување и особено до начелото на **доверливост**.

- Онаму каде што е соодветно, на судскиот преведувач треба да му се обезбеди материјалот за превод во **формат што овозможува лесна обработка** на текстот (на пр. Микрософт Ворд, Ексел, и сл.) заради олеснување на процесот на преведување и задржување на квалитетот на преводот.
- На судските преведувачи треба да им се овозможи **разумен временски рок** за испорака на преводот за да може да го спроведат потребното истражување и проверка на квалитетот на преводот во **разумно работно време**.
- На судските преведувачи им е потребна **повратна информација од корисниците** на преводот заради подобрување на квалитетот на преводот и воспоставување конструктивен работен однос.
- Правните системи се различни во различни земји и **нема целосно совпаѓање на правните концепти**. Судските преведувачи се свесни за овие разлики и ним треба да им се овозможи слобода при справувањето со таквите разлики, како и можност да дадат свои **терминолошки забелешки** доколку е тоа потребно.
- Авторите на правните текстови што подлежат на превод треба да се свесни за разликите меѓу правните системите во различни земји и треба да користат **јасен и концизен јазик** што ќе им овозможи на преведувачите и читателите полесно да го сфатат текстот.

<u>**За работата со судски толкувачи**</u>

- Судските толкувачи поминуваат низ **процес на проверка** што го спроведува Министерството за правда на Република Македонија.
- Од судските толкувачи обично се бара да толкуваат не само кон мајчиниот јазик туку и кон странскиот јазик. Затоа е потребно да се посвети посебно внимание на **квалификациите на судскиот толкувач**.
- Судските толкувачи мора строго да се придржуваат до Кодексот на професионално и етичко однесување и особено до начелото на **доверливост**.
- Во долги и комплицирани судски постапки, и кога има обемни материјали и тешки предмети, се препорачува да му се овозможи на толкувачот **увид во предметот и материјалите** пред да започне постапката или неколку дена пред рочиштето за да може соодветно да ја подготви цела потребна стручна терминологија (на пр. од областа на медицината, финансиите, балистиката и сл.).
- На почетокот од рочиштето треба **да се претставаат учесниците** во постапката (судија, обвинител, судски толкувач, адвокати, итн.) и да се нагласи дека **судскиот толкувач е неутрално лице** чијашто задача е да ги толкува сите прашања и изјави совесно и точно.

- На судскиот толкувач треба да му се овозможи место во судницата од каде што ќе може **убаво да ги гледа и слуша сите странки** во предметот. Ова важи и во случај на шушотаж.
- Се препорачува да се користи **симултано толкување** секогаш кога е тоа можно. Повеќе информации за техничките стандарди за опремата за толкување може да се најдат на http://mata.mk/wp- content/uploads/ 2018/03/%D0%A2%D0%B5%D1%85%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8- %D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B4%D0%B8-%D0%B7%D0%B0- %D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0- %D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf
- Повеќе информации за видовите толкување и работата со толкувачи може да се најдат во брошурата „Кога ви треба толкување“ на ЗПРМ http://mata.mk/wp-content/uploads/2018/03/%D0%9A%D0%BE%D0%B3%D0%B0-%D0%B2%D0%B8- %D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0-%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5.pdf ).
- Ако на рочиштето се презентираат и читаат документи (на пр. обвиненија, договори, писма и сл.), на судскиот толкувач треба **да му се дадат тие документи** (во оригинал или копија) за да може да ги гледа додека толкува.
- Целосното и точно толкување врз основа на белешки бара **максимална концентрација**. Сите интервенции на судиите, обвинителите, адвокатите, итн. во текот на толкувањето го нарушуваат текот на мислата на толкувачот и треба да се прават откако толкувачот ќе заврши со толкувањето.
- Поради тоа што толкувањето бара голема концентрација, потребно е да се прават **чести кратки паузи** и да се ангажираат **најмалку 2 толкувачи за еден настан**.

(Следи Тарифникот за судски превод и судско толкување)

# ТАРИФНИК ЗА СУДСКИ ПРЕВОД

| ЈАЗИК / ВИД ТЕКСТ | **Позастапени јазици** на / од МКД | **Помалку застапени иретки јазици** на / од МКД | Итен превод | Викенд и празник | За секоја дополнителна копија над вообичаените 3 се доплаќа /МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| **ДОКУМЕНТИ** (обрасци, формулари, изводи МК, текст од службени печати за заверка, уверенија за државјанство, дипломи, протоколарни документи решенија /изводи од ЦР, извештаи ...) | 780,00/910,00 | + 30 - 50% | + 15% | +100% | 155,00 |
| **СТРУЧНИ** (пресуди, оставински, конечни судски решенија и одлуки,договори, записници, медицинска документација) | 975,00/1.100,00 | + 30 - 50% | - 15% | +100% | 155,00 |
| **ПРЕВОД ОД РАКОПИС** | 975,00/1.100,00 | + 30 - 50% | - 15% | +100% | |
| **ЛЕКТОРИРАЊЕ** | 260,00/455,00 | 260,00/455,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЗАВЕРКА НА ПРЕВЕДЕНДОКУМЕНТ** | **455,00** | | | | **155,00** |

## Услови за соработка

- Цените се однесуваат на една преведувачка страница од 1800 јазични знаци со празни простори.
- Цените се изразени во денари, во бруто износ во кој се пресметани деловните трошоци, даночните обврски и трошоците за пензиско и здравствено осигурување на преведувачот. Во бруто износот е пресметан и персоналниот данок.
- * Ако ангажманот не бара преведувачот да ги остави другите работни ангажмани, да почне да работи веднаш, да работи за време на викенд, празник и навечер, и да преведува повеќе од 4 преведувачки страници на ден, тогаш не е итен.
- Кој превод е итен и степените на итност се дефинирани во општите *Услови за работа и препораките за тарифирање писмен превод на ЗПРМ од 2023 година* што може да ги прочитате (http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/preveduvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-03-2023.pdf)
- За секој работен ангажман за суд преведувачот мора да ги пополни, а надлежниот судија мора да ги потпише, работниот налог и пресметката чии обрасци ги изработи ЗПРМ.
- Рок за плаќање: Нарачателот на преводот е должен да го исплати хонорарот и да го уплати персоналниот данок (од наведениот бруто износ во табелата погоре, бруто – персонален данок = хонорар) во разумен рок, во спротивно преведувачот има право да засмета законска казнена камата и да преземе правни дејствија за исплата. Исто така, ако судот не го изврши плаќањето во разумен рок, преведувачот нема никаква обврска да прифати нови ангажмани од истиот суд.
- Сè што не е уредено со овој Тарифник за судски превод и толкување подлежи на одредбите во општите *Услови за работа и препораките за тарифирање писмен превод на ЗПРМ од 2023 г.* (http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/preveduvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-03-2023.pdf) *и Услови за работа и препораките за тарифирање при толкување на ЗПРМ од 2023 г.* (http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/tolkuvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-3-2023.pdf)

# ТАРИФНИК ЗА СУДСКО ТОЛКУВАЊЕ

| ЈАЗИК / **НАЧИН НА ТОЛКУВАЊЕ** | **Позастапени јазици**<br>**во МКД** | **Помалку застапении ретки јазици**<br>**Во МКД** | Денови подготовка заслучаите; / ден пат<br>**во МКД** | Откажан ангажман отво рок од 48часа<br>**во МКД** | Викенд и празник | Дежурство | Надвор од местото на живеење, покрај хонорарот се плаќа и* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КОНСЕКУТИВНО СИМУЛТАНО НА ТЕРЕН**<br><br>**ЦЕНА ПО ЧАС**<br><br>Се смета **од моментот на пристигнување домоментот на заминување**, односно **од моментотна тргнување на пат до моментот на пристигнување одпат**, | Првиот час:<br>3.900,00<br><br>Секој следен час по:2.600,00 | Првиот час:<br>4.550,00<br><br>Секој следен час по:3.250,00 | 9.750,00 | 75% од вкупниот износ на ангажман от(без деновите подготовка)но **не помалку од3 часа** | +100% | + 50% | + патни трошоци<br>+ трошоци за сместување<br>+ дневници |

*Според судските деловници се покриваат следниве трошоци: патни - локално, регионално, меѓународно; дневница за храна според закон и реални трошоци засместување; хонорар за работата и изгубена добивка т.е часовите пат и чекање.

**Услови за соработка**

- Цените се дадени по час. Точниот број часови на ангажманот се засметува **од моментот на пристигнување на толкувачот до моментот на заминување на толкувачот**, односно **од моментот на тргнување на пат до моментот на пристигнување од пат**,без оглед колку од тоа време било активно толкување. Часовите во кои толкувачот чека, патува или е од објективни причиниспречен да толкува а е присутен, се работни часови на толкувачот што се резервирани за нарачателот и во кои не може да врши друга работа.
- Цените се изразени во денари, во бруто износ во кој се пресметани деловните трошоци, даночните обврски и трошоците за пензиско и здравствено осигурување на толкувачот. Во бруто износот е пресметан и персоналниот данок. За секој работен ангажман за суд толкувачот мора да ги пополни, а надлежниот судија мора да ги потпише, работниот налог и пресметката чии обрасци ги изработи ЗПРМ.
- Нарачателот е должен, секогаш кога е тоа возможно, да овозможи толкувачите да се подготват за конкретниот случај на кој толкуваат.
- Нормална подготовка подразбира проучување материјал до 15 стр. дневно. Проучување поголеми материјали се смета заобемна подготовка.
- Кога толкувачот патува заради ангажманот, мора да му се исплати дневница за храна и др. трошоци согласно законските одредби.
- Кога толкувачот патува заради ангажманот, организирањето на патувањето, покривањето на патните трошоци и трошоците за сместување се должност на нарачателот.
- Кога толкувачот патува заради ангажманот, нарачателот е должен да му исплати надомест за деновите пат ако ангажманот не е во истиот ден кога е и патувањето.
- Кога толкувачот патува заради ангажманот, ако ангажманот започнува наутро, нарачателот мора да се погрижи толкувачот да стигне на местото на ангажманот најдоцна претходната вечер.
- Рок за плаќање: Нарачателот на толкувањето е должен да го исплати хонорарот и да го уплати персоналниот данок (од наведениот бруто износ во табелата) во разумен рок, во спротивно преведувачот има право да засмета законска казненакамата и да преземе правни дејствија за исплата. Исто така, ако нарачателот не го изврши плаќањето во разумен рок,

  преведувачот нема никаква обврска да прифати нови ангажмани од истиот нарачател.
- Условите и стандардите за работа на толкувачите се пропишани со општите *Услови за работа и препораките за тарифирање при толкување на ЗПРМ од 2023 г.* може да ги прочитате на следнава врска *(http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/tolkuvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-3-2023.pdf)*
- Сè што не е уредено со овој *Услови за работа и препораките за тарифирање писмен превод на ЗПРМ од 2023 г. (http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/preveduvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-03-2023.pdf) и Услови за работа и препораките за тарифирање при толкување на ЗПРМ од 2023 г. (http://mata.mk/wp-content/uploads/2023/03/tolkuvanje-preporaki-za-tarifiranje-2023-za-domasni-klienti-usvoeni-na-4-3-2023.pdf)*